Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 04-1091/05
15.12.2005 год.
Скопје

# РЕФЕРАТ

За избор на редовен професор за научните области и предмети: Полемологија, Дефендологија, Интегрална безбедност (национална безбедност и невоени аспекти на безбедноста), Мобилизациски систем и Основи на разузнавање на Филозофскиот Факултет во Скопје.

Наставно–научниот совет на Филозофскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје на Својата II редовна седница, одржана на 16.11.2005 година, донесе одлука за формирање на рецензентска комисија во состав: проф. д-р Трајан Гоцевски, проф. д-р Зоран Нацев, проф. д-р Билјана Ванковска за избор на наставник во сите звања во научните области и предмети: Полемологија, Дефендологија, Интегрална безбедност (национална безбедност и невоени аспекти на безбедноста), Мобилизациски систем и Основи на разузнавање.

На конкурсот објавен во весникот "Утрински весник" на 26.09.2005 се јави кандидатот проф. д-р Митко Котовчевски.

Резензентската комисија по деталното разгледување на приложениот материјал и научните трудови со посебна чест на Наставно–научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I Биографски податоци

Проф. Д-р **Митко Котовчевски,** роден е на 31.08.1956 година во Ресен.

Основното и средното образование го завршил во Ресен, со континуиран одличен успех.

На Филозофскиот факултет во Скопје се запишал во учебната 1975/76 година на Наставно научна студиска група за општонародна одбрана и општествена самозаштита. Студиите ги завршил за помалку од четири години како првенец на генерацијата и како прв дипломиран студент по општонародна одбрана и општествена самозаштита во Македонија.

Во учебната 1981/82 година се запишал на постдипломски студии на Факултетот за одбрана во Белград, кои ги завршил во предвидениот рок и со одличен успех. Магистерскиот труд успешно го одбранил на Филозофскиот факултет во Скопје. Со академски степен доктор на науки се здобил со одбрана на докторската дисертација **"Демографските карактеристики на ридско-планинските подрачја на Република Македонија и нивното значење за водење на народна војна"**, на Филозофскиот факултет во Скопје во 1991 година. Со тоа беше промовиран како најмлад и еден од првите доктори на науки од областа на одбраната и безбедноста-националната безбедност на просторот на поранешна Југославија.

Својата професионална кариера ја започнал во Републички секретаријат за народна одбрана на Социјалистичка Република Македонија на една мошне значајна и специфична проблематика од областа на организациско-мобилизациските работи во системот на одбраната на Република Македонија. Поставените задачи ги извршувал мошне одговорно и стручно. Потврда за тоа се

неговите големи современи решенија, кои се имплементирани во мобилизацискиот систем на целата територија на нашата држава (посебно новиот модел за мрежно планирање на мобилизацијата на ВС).

Во 1981 година се вработил како помлад асистент на Филозофскиот факултет во Скопје, каде работи и денес како **редовен професор** на предметите: Полемологија, Национална безбедност, Мобилизациски систем, Разузнавање, Глобални безбедносни закани, Невоени аспекти на безбедноста и Дефендологија. Во периодот од 1981 до1989 година ги изведувал и вежбите по предметот "Одбрана и заштита" на поголем број факултети при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

Денес, покрај вршењето на неговите работни задачи како наставник на Институтот за одбранбени и мировни студии, при Филозофскиот факултет и на Правниот и Филолошкиот факултет во Скопје, тој е ангажиран и на постдипломските студии на Институтот за одбранбени и мировни студии. Исто така, во два мандати бил избран за заменик раководител на Балканскиот центар за мир, каде што е избран за координатор на наставата по предметите "Мировни стратегии и Немилитарни аспекти на безбедноста".

На европските постдипломски студии во рамките на Филозофскиот факултет е ангажиран во тимот за изведување на наставата по предметот "Европска безбедност".

Во текот на 2001 година бил избран за Директор на **Центарот за менаџмент со кризи** и член на **Координативното тело за справување со кризи**, основано од Владата на Република Македонија, со цел да ги координира, насочува и обединува активностите на органите на државната управа во справување со кризата, вклучувајќи ги единиците за борба против тероризмот.

Во периодот од 1993 до 1995 година, и од декември 2002 година ја вршел/врши функцијата **раководител** на Институтот за одбранбени и мировни студии. Во 2005 година повторно е избран за Раководител на Институтот за одбранбени и мировни студии.

## II Позначајни објавени трудови:

### 1.Книги:

- **Македонија-воена алка на светот**, Македонска цивилизација,Скопје.
- **Извори на загрозување на мирот и на националната безбедност**, Балкански центар за мир, Скопје, 1999.
- **Македонија-воена алка на светот** (военогеографски и геостратегиски аспекти), Македонска цивилизација, Скопје.
- **Тајни служби**, Македонска цивилизација,Скопје.
- **Национална безбедност на Република Македонија - прв дел,** Македонска цивилизација, Скопје.
- **Национална безбедност на Република Македонија - втор дел,** Македонска цивилизација, Скопје.
- **Национална безбедност на Република Македонија - трет дел**, Македонска цивилизација, Скопје.
- **Современи разузнавачки служби,** Македонска цивилизација, Скопје, 2002 година.
- **Дефендологија**, Македонска ризница, Куманово, 2002 година.

- **Современ тероризам**, Македонска цивилизација, Скопје, 2002 година.
- **Борба против тероризмот,** Македонска цивилизација, Скопје, 2004 година.
- **Прирачник за заштита од тероризам и насилнички криминал,** Македонска цивилизација и Министерство за одбрана на Р. Македонија, Скопје, 2005 година.
- **Дефендологија** (*второ изменето и дополнето издание*), Македонска ризница, Куманово, 2005 година.

Во завршна фаза на подготовка за печат се наоѓаат и следните трудови:

- Полемологија;
- Национална безбедност;
- Англиско–македонски толковен речник за разузнавање и контраразузнавање ("Шпионски речник").

**Рецензирани статии и прилози во научни публикации:**

- **Утврдување на моделот за прогноза на населението во ридско-планинските и пограничните подрачја на Република Македонија**, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје.
- **Теории и доктрини на современите ограничени( локални) војни до распадот на СССР**, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје.
- **Влијанието на демографските движења врз подготовките и водењето на одбранбената војна во современи услови,** Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје.
- **Конгресната контрола врз разузнавачко-безбедносниот систем на САД,** Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје.
- **Воено-демографски карактеристики на Република Македонија**, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје.
- **Тероризам современо светско зло**, Одбрана, бр.59, посебен прилог (студија).
- **Балканот-геополотички крст,** Современа македонска одбрана, бр.1, Скопје, 2000.
- **Систем за национална безбедност на Република Македонија**, Современа македонска одбрана, бр.2, Скопје, 2000.
- **Разузнавачко–безбедносна заедница на Руската федерација**, Современа македонска одбрана, бр.3, Скопје, 2001.
- **Конфликти, видови и нивна трансформација**, Современа македонска одбрана, бр. 5, Скопје, 2002.
- **Разузнавањето–златен клуч во борбата против тероризмот**, Современа македонска одбрана, бр. 6, Скопје, 2002.
- **Разузнавачко–безбедносниот систем на државната заедница Србија и Црна Гора,** Современа македонска одбрана, бр. 7, Скопје, 2003.

- **Граѓанската војна однатре**, Современа македонска одбрана, бр. 8, Скопје. 2003.
- **Вооружениот бунт однатре**, Современа македонска одбрана, бр. 9, Скопје. 2004.
- **Разузнавачко-безбедносната заедница на Босна и Херцеговина**, Современа македонска одбрана, бр. 10, Скопје, 2004.
- **Панбунт**. Современа македонска одбрана, бр. 11, Скопје, 2005.
- **Разузнавачко-безбедносна заедница на Р.Бугарија**, бр. 12, Скопје, 2005.

**III Позначајни учества на научни конгреси и конференции:**

- **International Scholar Conference" Ten Years After: Democratization and Security Challenges in SEE"27-29 October, Ohrid, hed a presentation on" Ethnic cleaning at the Balkans Geo-political Crossroad".**
- **The challenges of post-conflict reconcilation and peacebuilding in Macedonia, Skopje,2002.**
- Повеќе научни симпозиуми на Северноатлантскиот Совет на НАТО.

**Приказ на најновите објавени трудови:**

Трудот "***Националната безбедност на Република Македонија (прв дел)***" без сомневање е оригинален научен труд базиран врз проучување на најновата научна литература од странство и од кај нас. Во многу нешта трудот со својот содржински квалитет, адекватната застапеност на презентираните ставови за фундаменталните прашања за националната безбедност на Републииата, претставува длабок пробив на научанта мисла по однос на оваа проблематика кај нас. Трудот нуди издржани образложенија, факти и решенија кои можат да послужат како фундаменти за натамошниот развој на научната мисла во оваа област.
Содржински трудот е конципиран во повеке поглаваја и тоа "Безбедноста како функција на државата", "Теорија на системите за безбедност", "Извори на загрозување на националната безбедност" и "Извори на загрозување на националната безбедност". Авторот на многу умешен начин ги поврзува сите овие поглавја презентирајќи ги најпрво најновите сфаќања на поимот безбедност и неговата повеќезначност и поимно и терминолошки ја определува безбедноста. Врз основа на ова поимно определување, авторот ги дефинира поимите национална безбедност, меѓународна бебнедност, заедничка, трансдржавна и глобална безбедност и нивните содржини. Пнатаму авторот најнапред ги посочува основните значења на поимот *теорија на безбедност* и врз основа на тоа го дефинира поимот *теорија на безбедноста* како систем на организирано знаење за појавите на безбедноста до кои се доаѓа по научно методолошки заснован пат и во таа смисла се идентификува со науката за безбедност. На крајот во последниот дел насловен "Извори на загрозување на националната безбедност" авторот го дефинира поимот *загрозување* како секаков вид на општествена, природна и техничка опасност од поголем обем, со која се загрозува интегритетот, слободата, имотот и здравјето на луѓето, како и територијалниот интегритет и суверенитет, уставниот поредок и правото на државата, нацијата или општествените групи и поединци Покрај дефинирањето на поимот, авторот ја дава класификацијата на изворите на загрозување, според

постојните критериуми, како општествени, природни и техничко-технолошки и нивното влијание врз системот за безбедност. Врз основа на тоа се дефинирани и облиците на загрозување на националната безбедност како надворешни, вантрешни и глобални и нивната меѓусебна условеност и зависност. Научната вредност на трудот е уште поголема затоа што авторот нуди одредени системски решенија за доградување на потсистемите (елементите) за национална безбедност и на системот за националната безбедност. Авторот преку една комплексна анализа на изворите на националната безбедност на Р. Македонија, прави и сериозни прогнози за можноста (веројатноста) на нивното манифестирање, како и за последиците од жестокста на нивното деструктивно делување насочено кон рушење на виталните општествени вредности на Р. Македонија. За жал, се оствариjа предвидувањата на авторот во однос на тероризмот, екстремизмот, вооружена побуна, уфрлување на вооружени групи кои се елаборирани во втората книга, но и во практиката се потврди заедничкото функционирање на новиот модел на системот за националната безбедност на Република Македонија.

Во трудот ***"Националната безбедност на Република Македонија (втор дел)"*** како што укажува насловот на книгата авторот ги анализира внатрешните извори на загрозување на националната безбедност. На почетокот авторот ги презентира појавните облици на внатрешните извори на загрозување на националната безбедност и тоа како внатерешни вооружени, внатрешни комбинирани и вантрешни невооружени облици на загрозување на националната безбедност. Авторот поимно ги дефинира загрозувањата и нивната суштина, изворите на загрозување и облиците на загрозувањето на интегралната безбедност на Р. Македонија и шематски ја прикажува нивната поделба. Најнапред авторот ги анализира внатрешните вооружени облици на загрозување на интегралната безбедност и ги дефинира граѓанските конфликти, поделбата на граѓанските конфликти на расни, конфликти на околината, идеолошки конфликти, конфликти помеѓу функцоионирањето на власта и нејзиното (не)почитување од силите на моќта, конфликти на идентитетот и нивните основни особености и причини за пројавување. Покрај тоа ги дефинира и вооружената побуна како внатрешен вооружен облик на загрозување на интегралната безбедност, со псебен акцент на тероризмот како појава која е мошне актуелна и присутна на светската сцена, но за жал и во Р. Македонија но и *државниот удар*. Покрај дефинирањето на поимот, авторот ги посочува причините, целите, подготвувањето и начинот на изведување на државниот удар по фази. Крајот од книгата ја третира наркоманијата како социопатолошка појава. Импликациите од ова најголемо зло на современиот свет се страотни и се рефлектираат во сите сфери на општеството. Авторот дефининирајќи ја наркоманијата, заклучува дека таа претставува еден од најсериозните "тивки" извори на загрозување на нашата нацинална безбедност, но и на националениот опстанок на Републиката. За таа цел тежишните правци на овој труд се насочени кон поопширната елаборација на феномените современ тероризам, вооружена побуна, шпионажа, екстремизам, уфрлување на вооружени, криминални групи, криминалитетот (со посебен осврт на организираниот криминал и нуклеарниот криминал), како и наркоманијата како едно од најголемите современи зла насочени против младата популација

Трудот со наслов ***"Националната безбедност на Република Македонија (трет дел)"*** поделен е на три дела со повеќе поглавја. Во книгата авторот во целост ги елаборира надворешните изворите на загрозување на националната

безбедност на Република Македонија. Авторот ги третира надворешните вооружени облици на загрозување на безбедноста и тоа вооружената агресија, воената интервенција и пограничните вооружени судири. Дефинирајќи ја вооружената агресија авторот ни посочува каква агресија, во зависност од целта која сака да се постигне и во зависност од видот на војната, може да биде извршена спрема Р. Македонија. Воената интервенија претставува посредување, мешање на една држава или група држави во работите на друга држава за постигање на определени цели. Во поновата историја, како што забележува авторот, вакво неприкосновено "право" на воена интервенција имаат суперсилите без оглед на тоа дали имаат морално право илли се на погрешен пат во врска со тоа. Покрај меѓународно-правното дефинирање на воените интервенции, авторот ги презентира основните обележја и цели на воените интервенции. Понатаму покрај дефинирањето на државните удари, авторот заклучува дека државните удари со надворешно мешање станаа едно од најкорисните средства на агресивната сила во повоените меѓународни односи. Низ содржините на овие облици на загрозување на безбедноста, прикажани се надворешните-комбинирани облици на загрозување на интегралната безбедност. Низ призмата на меѓународниот криминал, меѓународниот тероризам, биолошката, нуклеарната и хемиската профилација, верските секти, сиромаштијата и генетскиот инженеринг елаборирани се глобалните извори на загрозување на националната безбедност. На крајот низ примерот на распадот на трите Југославии, авторот дава осврт на загрозувањето на мирот и безбедноста во некои региони во светот, на новите извори на загрозување и на новите опасности за мирот, за влијанието на геостратегиските, геополитичките и безбедоносните предизвици на националната безбедност на Р. Македонија.

Трудот "**Современи разузнавачки служби** " обработува една мошне актуелна и специфична проблематика што е од суштествено значење за секоја држава.

Станува збор за оригинален научен труд базиран врз проучување на најнова научна литература од странство и од кај нас. Во многу нешта трудот, со својот содржински квалитет, адекватната застапеност на презентираните ставови, претставува длабок пробив на научната мисла за оваа проблематика кај нас. Трудот нуди издржани образложенија, факти и решенија што можат да послужат како фундаменти за натамошниот развој на научната мисла во оваа област. Оригиналноста на овој научен труд се огледа и во тоа што до податоците, имајќи ја предвид проблематиката што се третира, многу тешко се доаѓа, но и кога ќе се добијат, често се намерно неточни. Со компаративна анализа на повеќе извори на податоци, авторот доаѓа конечни заклучоци.

Суштинска цел на презентираниот труд е да ги елаборира современите разузнавачки служби, односно историскиот развој, нивната организациско-формациска поставеност, начинот на работа, односот на државите кон овие служби, нивниот перспективен развој , што е од особен интерес за една млада држава како Р. Македонија.

За проблематиката што е предмет на овој труд е пишувано и порано, но е мошне фрагментарно, без некоја научна елаборација или изнаоѓање модалитети чија ефикасност ќе се вреднува во практиката на тој план.

Имајќи ја предвид комплексноста на проблематиката што е предмет на истражување, како што се разузнавачките служби, потребно е извонредно познавање на сите современи текови во таа област. Авторот, со оглед на мултидисциплинарноста и барањата на научната експликација, покажа извонредно познавање на проблематиката.

Монографијата имаше меѓународна промоција од страна на врвни експерти на најмоќните разузнавачки служби во светот.

Трудот "***Современ тероризам***" обработува мошне актуелна и специфична проблематика која е од суштествено значење за опстанокот на секоја држава и дава нова светлина на феноменот на тероризмот, на сите негови современи појавни облици и тенденции во нивното манифестирање. Авторот најнапред со примери низ историјата го прикажува еволуцискиот развој на тероризмот како појава која е мошне актуелна и присутна на светската сцена. При дефинирањето на тероризмот, авторот укажува на разликите во пристапот на дефинирањето, што во многу го отежнува донесувањето на една единствена дефиниција која ќе ги опфати сите аспекти на тероризмот. Понатаму, покрај стандардната поделба на тероризмот (внатрешен и меѓународен), авторот презентира мошне интересна поделба на тероризмот според учењата на Џејмс дер Дериан и Доналд Хенал и ги идентификува и образложува видовите на тероризам, почнувајќи од мегатероризмот, меѓународениот, верскиот, биолошкиот тероризам како нова глобална закана и нов глобален проблем, нуклеарниот тероризам и профлацијата на оружјето за масовно уништување во функција на тероризмот како реални закани на современата цивилизација, супертероризмот и сајбер тероризмот, со посебен акцент на видовите на троризам кои се идентификуваат како облик на војна. Авторот укажува на основната карактеристика на терористичка активност, организавционата структура на терористичките организации, класификација на терористичките цели и детално ги елаборира факторите кои влијаат врз (не) успешноста на терористичките организации. На крајот авторот дава одговор на прашањата и предизвиците каде оди тероризмот, односно каква е неговата иднина, но и иднината на современата цивилизација во сенката на ова зло кое има амбиции да прерасне во смртна закана со масовни размери, да предизвика огромен број на жртви, страдања, страв и неизвесност, како значаен патоказ за современите валади во која насока ќе треба да ја организираат борбата против тероризмот која е мошне комплексна, тешка и неизвесна.

Неговиот научен ангажман во изминатиот период бил насочен во конституирањето на повеќе научни дисциплини од сферата на националната безбедност. Нивната научна историска промоција кореспондира со појавата на повеќе значајни дела фокусирани кон целосно расветлување на современите проблеми и тенденции значајни за одбранбеното и безбедносното организирање на нашата држава и пошироко. Несомнено, вредноста на овие дела имала сериозно влијание врз научното фундирање на повеќе научни дисциплини. Во нашата држава тие дела заедно со останатите научни трудови на поголем број автори од оваа област овозможиле за прв пат во нашата историја да се изгради сопствена одбранбена и безбедносна научна мисла.

Неговите најнови научни ангажмани се насочени кон изработка на два значајни научни проекти со кои се нудат најоптимални решенија за целосно изградување и успешно функционирање на системот за национална безбедност на Република Македонија.

Во фокусот на неговите најнови научни истражувања, најзначајно место зазема расветлување на феноменот на војната, бунтот, панбунтот и тероризмот во Република Македонија на Балканот и пошироко, организираниот криминал и другите извори на загрозување на националната, регионалната и меѓународната безбедност, феноменот на разузнавањето и на современите разузнавачки служби како и проучувањето на геостратегиската, геополитичката,

воеността за стратегиската и военополитичката положба на Република Македонија и на Балканскиот Полуостров и нивното влијание врз националната и регионалната безбедност. Исто така предмет на неговото научно истражување претставува и анализата за позиционираноста и геостратегиското значење на македонскиот простор за големите империи во минатото како значаен геостратегиски крстопат во текот на различни историски епохи, како и феноменот на полемологијата и воените доктрини.

Широкиот спектар на области кои долги години претставуваат предмет на неговата научно-истражувачка работа со примена на оригинални и специфични методолошки постапки во голема мера ја збогатија и ја осовремени ја методологијата на научно-истражувачката работа во сферата на одбранбените и безбедносните дисциплини.

**Заклучок**

Во врска со пријавата на д-р Митко Котовчевски, Комисијата со задоволство констатираше дека во изминатиот петгодишен период од последниот избор во звањето редовен професор, кандидатот постигнал исклучителни резултати, кои зборуваат за зрел и потврден научен кадар во зенитот на својата кариера. Плодната научна и публицистичка дејност е осведочена низ такви дела кои се несомнено израз на долгогодишна научна и творечка дејност, а со својата зрелост ќе останат траен влог во македонската научна мисла од областа на одбраната и безбедноста. Со сигурност може да се констатира дека станува збор за високо реномиран и извонредно продуктивен научен работник, кој покрај својата редовна наставна дејност на Филозофскиот факултет, успеал да се афирмира и во јавниот живот како експерт, кој се вградила во изградбата и заштитата на македонската држава. Придонесот во академска смисла е евидентен во смисла на развивање на нови и критика на некои веќе застарени концепти во научната мисла од повеќе потесни подрачја. Подеднакво, со својот јавен ангажман, д-р Котовчевски на најдобар можен начин го афирмира Филозофскиот факултет и Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, и истовремено дава адекватен придонес во реформските процеси низ кои минува Република Македонија.

Врз основа на сето тоа, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје **по втор пат** да го избере проф. д-р Митко Котовчевски во звањето **редовен професор** по научните области и предмети: Полемологија, Дефендологија, Интегрална безбедност (национална безбедност и невоени аспекти на безбедноста), Мобилизациски систем и Основи на разузнавање на Филозофскиот Факултет во Скопје.

**Рецензентска комисија**

Проф. д–р Трајан Гоцевски

Проф. д–р Зоран Нацев

Проф. д–р Билјана Ванковска

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филозофски факултет
04-1091/05
1.03 06 год.
Скопје

Врз основа на член 75, 133 и 142 став 2 од Законот за високото образование, а согласно извештајот на Рецензентската комисија објавен во Билтен бр. 888/62 од 29. XII 2005 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата V редовна седница, одржана на 22. II 2006 година, донесе

**О Д Л У К А**

за избор на наставник

I

1. **Д-р Митко Котовчевски**, редовен професор по предметите полемологија, интегрална безбедност, мобилизациски систем и одбрана и заштита на Институтот за одбранбени и мировни студии на Филозофскиот факултет во Скопје, с е  и з б и р а  во звањето **редовен професор** за научните области и предмети: Полемологија, Дефендологија, Интегрална безбедност (национална безбедност и невоени аспекти на безбедноста), Мобилизациски систем и Основи на разузнавање, сметано од 23. II 2006 година.

2. На именуваниот му се продолжува работниот однос на неопределено време.

II

Со именуваниот ќе се склучи договор за работа.

III

По еден примерок од одлуката да се достави на : именуваниот, досието, Одделението за општи, правни, персонални и наставни работи и архивата на Факултетот.

**Д Е К А Н**
на Филозофскиот факултет
Проф. д-р Трајан Гоцевски